**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 12.09.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4068 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 13 август 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 септември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 18 часа програма на радио);

- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, емитуван на 13 август 2018 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања** на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма.

8. **Опис на прекршувањето:** /

9. **Предлог мерка:** /

***Сектор за програмски работи***